Macedonian

October 2016

NSW GOVERNMENT | Health South Eastern Sydney Local Health District

# Водич за пациенти во врска со анестезија

## A Patient's Guide to Anaesthesia

### Што е анестезија?

**What is anaesthesia?**

Анестетици се видови на лекарства кои спречуваат да чувствувате болка во тек на операција или лекување. Постојат следните видови на анестезија:

- **Локална анестезија**
  Станува збор за инјекции со кои се здрвува мал дел од телото. Вие и понатаму ќе бидете свесни, меѓутоа нема да чувствувате болка.
- **Регионална анестезија**
  Тоа се инјекции со кои се здрвува поголем или подлабок дел од телото. Вие и понатаму ќе бидете свесни, меѓутоа нема да чувствувате болка.
- **Општа анестезија**
  Со оваа анестезија ќе бидете во контролирана состојба на несвесност. Таа е неопходна при изведувањето на некои операции. Нема да бидете свесни за околината околу вас и нема ништо да чувствувате.

Овие видови на анестезија може да се користат поединечно или во комбинација.

### Што е смиреност?

**What is sedation?**

Седативите се лекарства кои помагаат да се смирете, како физички така и ментално. Многу малку или воопшто нема да се сеќавате што се случило во текот на операцијата или лекувањето.

### Што се анестезиолози?

**Who are anaesthetists?**

Анестезиолозите се посебно обучени доктори. Тие се грижат за вас и обезбедуваат да се чувствувате колку што е можно удобно и безбедно.

### Што можете да направите пред вашата операција

**What you can do before your operation**

Побрзо ќе заздравите ако бидете во најдобрата можна здравствена состојба пред операцијата или лекувањето. За да се намали ризикот од анестетици и да обезбедите вашата операција да биде побезбедна, треба да:

- **Престанете со пушење**
  Пушачите се изложени на поголема опасност од проблеми при дишењето при и после примањето на анестетици. За да ја намалите оваа опасност, престанете да пушите 6 недели пред вашата операција. Разговарајте со вашиот доктор од општа пракса во врска со терапија со замена на никотинот или советување што ќе ви помогне да престанете со пушењето. Не пушете на денот на операцијата.
- **Ослабете**
  Ако вашата телесна тежина е многу поголема од препорачаната, тогаш ќе ја намалите опасноста од анестетици ако ослабете и ако ја подобрите вашата физичка форма. Несаканите последици и компликации од примање на анестетик се објаснети подолу во овој информативен лист.
- **Посетете го вашиот домашен доктор (GP)**
  Отидете кај вашиот доктор од општа пракса за да ја провери вашата здравствена состојба и да ве советува во врска со други здравствени проблеми.
- **Посетете го вашиот заболекар**
  Ако имате разнишани или скршени заби, зборувајте со вашиот заболекар пред операцијата или лекувањето.

## Клиниката за проверка на здравствена состојба на пациенти пред прием во болница

### The preadmission clinic

За операции кои се планирани, можеби ќе ве замолат да отидете во клиника за проверка на здравствената состојба на пациенти пред прием во болница. Ќе ви направат здравствен преглед за да се осигура дека сте во најдобрата можна здравствена состојба пред вашата операција или лекување. Прегледот може да вклучува правење на крвна слика и запис од електричната активност на срцето со електроди кои се поставуваат на кожата.

Многу важно е да донесете список на сите лекарства што ги примате. Некои лекарства треба да престанете да ги примате пред да имате операција. Ќе ви кажат кои лекарства треба да престанете и кои лекарства можете да продолжете да ги земате.

## Дента кога треба да ве оперираат или лекуваат

### On the day of your operation or treatment

**Јадење и пиење**

Мора да ги следите упатствата што ви ги дала болницата во врска со јадење и пиење. Важно е да избегнувате да јадете и пиете пред операцијата. Ако во вашиот стомак има храна или течности додека примате анестетик, тие може да се вратат во грлото и да ги оштетат вашите бели дробови.

Не јадете никаква **храна** 6 часа пред да пристигнете во болница.

Можете да продолжете да ги пиете **само следните течности** најмногу до 2 часа пред да пристигнете во болница:

- Вода
- Растворен сок
- Чај или кафе **(без млеко)**
- Лимонада
- Само бистар сок од јаболко
- Енергетски пијалоци (Gatorade/Powerade)

**Ако имате шеќерна болест**

Можете да продолжете да ги пиете **само следните течности** најмногу до 2 часа пред да пристигнете во болница:

- Вода
- Нискокалоричен растворен сок
- Енергетски пијалоци без  јаглехидрати
- Нискокалорична лимонада
- •Чај или кафе **(без млеко)**

**Ако примате лекарства**

Ако докторите во клиниката за проверка на здравствената состојба на пациенти пред прием во болница ви кажат да продолжете да ги примате лекарствата кои обично ги земате, ве молиме, земете ги со голтка вода утрото пред операцијата.  Ве молиме да не земате лекарства за кои ви кажале да не ги примате.

Ве молиме, донесете ги во болницата сите лекарства кои редовно ги земате во оригиналното пакување.  Со тоа, докторите ќе можат правилно да ви дадат упат.

**Лекарства кои мора да ги престанете на денот на операцијата:**

**Лекарства кои треба да ги земете на денот на операцијата:**

**Кога ќе дојдете во болница**

Откако ќе ве примат, ќе ставите болничка престилка и ќе ве стават во  кревет каде што ќе можете да се одмарате. Пред да ве однесат на операција, со вас може да чека член од семејството или пријател.

Персоналот неколку пати ќе ви постави прашања во врска со вашата операција и вашата општа здравствена состојба. Овие прашања се наменети да се провери вашата безбедност.   Тие ќе им овозможат на сиот персонал што се грижи за вас да ја знае вашата здравствена состојба и вие да знаете што ќе се случи.

**После операцијата**

Ќе се обезбеди да се чувствувате удобно колку што е тоа можно. После операцијата, ќе се разбудите и ќе бидете поспани. Ќе ве однесат во одделение за закрепнување. Таму ќе го проверуваат вашиот пулс и крвен притисок се додека целосно се разбудите. Ќе добивате кислород преку пластична маска поставена преку вашиот нос и уста.  Откако безбедно ќе се повратите од анестетикот, ќе ве однесат на одделение.

## Лекарства за намалување на болка
### Pain relief

За да можете да се чувствувате удобно, ќе добивате лекарства за намалување на болката. Видот на лекарството за намалување на болката ќе зависи од видот на операцијата што сте ја имале и може да вклучува:

- **Таблети, капсули или течности**
  Овие видови на лекарства се голтаат и се користат ако можете да пиете течности.
- **Користење на чепчиња**
  Тоа се лекарства кои се ставаат во анусот. Тие се користат ако не можете да голтате или ако постои веројатност дека ќе повраќате.
- **Пациент-контролирана аналгезија (ПКА)**
  Ова е метода со која се става лекарство за намалување на болката преку вена со посебна машина. Ако чувствувате болка, можете да притиснете копче кое се наоѓа до креветот. Со тоа, преку машината ќе може да примете доза на лекарство за намалување на болката. Заради безбедносни причини, вашите посетители не смеат да го притискаат копчето за вас.
- **Регионална и епидурална анестезија**
  Понекогаш, при или после сериозни операции се користи епидурална или регионална анестезија. Вашиот анестезиолог ќе ви ги објасни во повеќе поединости ако тие треба да се користат.

## Совет во врска со безбедноста после анестезија
### Safety advice following anaesthesia

Примањето на анестетик може да влијае на начинот на кој размислувате, вашите рефлекси, способноста да донесувате одлуки и способностите за координација –дури и ако се чувствувате добро.

Важно е да ги следите долунаведените совети:

- Ако сте имале амбулантски хируршки зафат или лекување, ве молиме, треба најмалку 24 часа да се одмарате дома
- 24 часа после операцијата:
  - не управувајте со моторно возило, вклучувајќи велосипед;
  - не работете со машини;
  - не подготвувајте храна со остар прибор или не налевајте жешки течности;
  - не пијте алкохол;
  - не пушете;
  - не земајте таблети за спиење; или,
  - не донесувајте важни одлуки или не потпишувајте било какви договори
- Ако имате операција и ако ве отпуштат на истиот ден од болница:
  - Не ќе можете да управувате со моторно возило, ве молиме, организирајте некое одговорно возрасно лице да ве однесе дома.
  - Ако живеете сами, тогаш ќе треба да организирате да престојувате со некое друго лице или некое друго лице да престојува со вас ноќта после вашата операција.

## Несакани последици и компликации

### Side effects and complications

Сите лекарства, вклучувајќи ги анестетиците, имаат несакани последици.

Несаканите последици од анестетиците ги вклучуваат следните симптоми:

- Ви се лоши
- Ве боли грлото
- Се чешате
- Имате болка во мускулите
- Имате вртоглавица
- Имате главоболка
- Имате модринки на местото каде што ви ставиле инјекција

Овие несакани последици не треба долго да траат. Разговарајте со некој член од персоналот ако сте загрижени заради овие несакани последици.

Почестите компликации вклучуваат воспаление на белите дробови. Веројатноста тие да се појават е поголема ако пушите.

Многу ретко може да се појават посериозни компликации. Тие може да вклучуваат оштетување на забите од цевката за дишење, сериозна алергиска реакција, срцев удар, мозочен удар или тешкотии при дишењето.

Ве молиме, разговарајте со вашиот анестезиолог ако имате било какви прашања.

## Прашања кои може ќе сакате да му ги поставите на вашиот анестезиолог

### Questions you may like to ask your anaesthetist

- Кој ќе ми даде анестетик?
- Дали ќе ми дадете општ анестетик?
- Кој вид на анестетик го препорачувате?
- Дали често сте го користеле овој анестетик?
- Дали ќе бидам во бесознание и целосно несвесен за околината околу мене додека сум под влијание на овој анестетик?
- Кои се ризиците поврзани со овој вид на анестетик?
- Дали сум изложен на некои посебни опасности?
- Како ќе се чувствувам после тоа?

## Услуги на преведувачи

### Interpreter Services

Ако ви треба помош да разбирате или зборувате на англиски јазик, можете да користите професионални преведувачи. Иако член од вашето семејство или пријател може да присуствува на средбите, сите разговори во врска со вашето лекување, вклучувајќи ја вашата дозвола да се направи операција, треба да се изведуваат со помош на професионален преведувач. Нивните услуги се бесплатни и доверливи.

Ваше право е да побарате преведувач, ако не ви го понудат. Персоналот ќе организира да имате преведувач.

Ако треба да користите преведувач за да не контактирате, ве молиме, телефонирајте на Службата за писмено и усмено преведување (TIS National) на 131 450.

Оваа брошура ја подготви Department of Anaesthesia, St George Hospital.
SESLHD Multicultural Health Service финансиски ги помогна преводите.